

**ДЕЛ ОД ПОСЕТИТЕ НА ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „*СВЕТОТ НА ДЛАНКА“***
**НА СЛАВЕ КАТИН**

Патувањето во Светата земја - Израел во вистин-ската смисла на зборот за нас претставуваше ретко до-жи-вување. Во литературата што ја прочитавме стои дека Израел за Евреите е Ветената земја од Гос-пода на Аврама и на неговите следбеници. Таа е налед-ство во кое децата на Израел биле водени од Мој-сие по егзодусот од Египет и соединети во моќта на еврејската нација (Хибру), под водството на царот Да-вид и неговиот син Соломон.

Таа е лулка на три големи монотеистички религии: еврејската, христијан-ската и муслиманската. Но, најважно за хрис-ти-јанскиот свет е тоа што Израел е родната земја на Исус Хрис--тос и Светиот град каде што тој бил распнат на крст, потоа погребан и по три дена воскреснал.

Според библиските преданија од Стариот за-вет, првите доселувања на Евреите во Ветената зем--ја - Канаан почнале околу 2.000 години пред Исус Хрис-тос. Тие биле номадски сточари од Месопо-тамија, од Долен Еуфрат и од други места. Нив ги до-нел патријархот Аврам. Меѓутоа, масовното до-се-лување на Евреите на овие простори почнало со на-пуштањето на Египет во 1580 година пред Христа под водство на Мојсеј, кој на Синајскиот Рид им ги дал Десетте Божји заповеди.

Еврејскиот народ постои уште од номадскиот пе-риод преку создавањето на првата др-жава на Евреите од 1030 до 930 година пред Христа, па преку нејзиното распаѓање, покорувањето- на Евреите и нивната емиграција, до создавањето на еврејската држава која се реализира дури по Втората светска војна, на 14 мај 1948 година.

Денес Израел доживува своевидна револу-ција во својот развој. Во тоа се уверивме кога го видовме облагородувањето на пустинските предели, изград-бата на иригациони системи за наводнување, раз-војот на земјоделството, на машинската и на другите ин-дустрии. Исто така, таа има сличен подем во современата трансформација на градските урбани сре-дини кои претставуваат интересна симбиоза со бо-гатата историска ризница и библис-ките преданија.

За одбележување е осо-бено тоа што веќе е во тек зелената револуција за освојување на нови пус-тин-ски предели и нивно претворање во не-пре-г-ледни зе-лени оази. Оттука и не случајно се вели де-ка оваа земја е вистинско чудо. Заслужува да се спо-мене дека како посебна содржина на живеење во Га-лилеја се и многубројните колективни населби со оп-штествена, приватна и колективна сопстве-ност. Најзастапени од нив се таканаречените кибуци, во кои се применува колективната организација на трудот, а и колективната сопственост.

Денес во Изра-ел има повеќе од 300 кибуци кои почнале да се формираат пред Првата светска војна, со првите доселувања на голем број Евреи, особено од Русија. Тие се

каракте-ризираат со заедничка сопственост над зем-јиш-тето и над средствата за производство и со распределба според потре-бите на чле-но-вите на семејството и можностите на кибуцот. Дел од нив се формирани и под влијание на разни политички и верски организации.

Местото каде ја допревме Светата земја - Из-раел беше најголемиот и најзначајниот, како за ци-ви-лен така и за воен транспорт, аеродромот „Бен Гу-рион“ во Тел Авив. Тој е најголемиот град во Израел, кој во последно време, од причини што во централното подрачје живеат претежно млади брачни па-ро-ви, а повозрасните се селат во предградието, е на-речен град на младоста.

Според податоците што ги добивме од домаќините, само во градското под-рачје на Тел Авив живеат околу 1.000.000 жители, а заедно со предградијата, тој има повеќе од 1.500.000. Тел Авив е подигнат на просторот до стариот град Јафа. За него се вели дека е град на амбасади, конзули, на разни други дипломатски претставништва и кан-це-ларии, на бизнис центри, на научни институции и на голем број луксузни хотели изградени по должината на Средоземното Море и на многу други важни ус-танови.

Се досетиле умните Евреи да направат ка-мени брани во морето кои придонесуваат да се та-ложи ситен кристален и убав песок на брегот, ка-де е изградена патека за џогерите и огромни плажи за туристите. Сето тоа наликува на плажата Копа-кабана во Рио де Жанеиро.

Тел Авив не е граден по некој одреден урбанистички план, затоа во него се среќаваат различни архитектонски стилови. Осо-бено брзо се градени станбените згради за новодој-ден-ците, по 1948 година. Денес, куќите се претежно од три до пет ката, а се чини дека кулата „Шалом“ е највисока меѓу градбите и стрчи во прос-то-рот.





Пишува: **СЛАВЕ КАТИН**